


Серија 4, Број 3 април 2023

# ВЕСТИ ЗА БОРБАТА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

ЗА И ВО ВРСКА СО БАЛКАНОТ

## ВО ОВА ИЗДАНИЕ

**Вести и информации во врска со борбата против тероризмот - 1**

**Питер Јонгблед назначен за Постојан правен советник на програмата ОПДАТ за борба против тероризам за Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора - 2**

**На Косово осуден уште еден СТБ вратен во земјата во месец мај 2022 година - 2**

**Во Данска осудена жена од БиХ поради давање помош на ИСИС во Сирија - 2**

**Извештаи на CTED: Оценка на слабостите во примената на одредбите за борба против финансирање тероризам од резолуциите на Советот за безбедност - 3**

OPDAT

## Вести за борбата против тероризмот и ажурирање на информациите и поврзување на нашите партнери во регионот

***Министерство за правда на САД, Канцеларија за развој, помош и обука на обвинителствата во странските држави (ОПДАТ), во партнерство со Бирото за борба против тероризам при МНР на САД***

Во ова издание ви го претставуваме Питер Јонгблед, новиот постојан Регионален правен советник за борба против тероризмот на програмата ОПДАТ, со седиште во Сараево. Тој го менува досегашниот Регионален правен советник за борба против тероризмот Том Саундерс и својата вредна експертиза во иднина, ќе им ја стави на располагање на колегите од различните агенции за спроведување на законот од Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија. Во овој број ве известуваме и за неодамнешните осудителни пресуди против еден странски терористички борец од Косово и една жена вратена во Данска. На крајот, завршуваме со преглед на критичните наоди од најновите извештаи на Извршниот директорат на Комисијата за борба против тероризам на Советот за безбедност на Обединетите нации (CTED), за прашањата поврзани со борбата против финансирањето на тероризмот.

Џо Болдвин
Постојан правен советник на ОПДАТ за борба против тероризмот на Балканот
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Тирана
BaldwinJR@state.gov

Питер Јонгблед
Постојан правен советник на ОПДАТ за борба против тероризмот на Балканот
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Сараево
JongbloedPS@state.gov

Бледар Башановиќ
Правен специјалист
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Тирана
BashanoviqB@state.gov

Јасенка Феризовиќ
Правен советник
ОПДАТ/МПСАД
Амбасада на САД во Сараево
FerizovicJ@state.gov



## Питер Јонгблед назначен за Постојан правен советник на програмата ОПДАТ против тероризам за Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора

Задоволство ни е што можеме да објавиме дека на 17 март, Питер С. Јонгблед беше назначен за нов постојан регионален правен советник за борба против тероризам за БиХ, Србија и Црна Гора.

Питер е сојузен обвинител од апелациското подрачје на државата Конектикат, каде што последната работна позиција му била како Началник на Единицата за национална безбедност и компјутерски криминал. Тесно соработувајќи со повеќе партнерски агенции за спроведување на законот, тој има работено на најразлични прашања и случаи поврзани со националната безбедност, вклучувајќи и водење истраги и кривично гонење на американски државјани, кои се обидувале да отпатуваат во странство, за да се борат на страната на ИСИС и Ал Каеда. Исто така, во однос на националната безбедност, тој соработувал со органите на прогон и учествувал во повеќе истраги и кривично гонење на лица, кои се заканувале дека ќе им наштетат на вработените во правосудството, избраните јавни функционери, етничките и верските водачи и верските објекти. Питер тесно и редовно соработувал со локални, државни и сојузни финансиски истражители, следејќи го протокот на пари кон и надвор од Соединетите држави, а од неодамна и протокот на дигитални пари, односно на криптовалути, со цел, откривање на различни криминални активности, како што се на пример измамите и финансирањето тероризам. Во текот на неговата кариера, тој успешно учествувал во истраги и кривично гонење на широк спектар на случаи на рекет на сојузно ниво, во кои биле вклучени членови и соработници на италијанската мафија Коза Ностра, кои биле вмешани во убиства, лихварство, изнуди, нелегално коцкање и измами, како и членови на локални улични банди, кои се занимаваат со убиства и престрелки, трговија со дрога и кривични дела поврзани со огнено оружје.

Питер бил на различни раководни функции во рамки на Канцеларијата на јавното обвинителство за а меѓу другото бил и прв заменик главен јавен обвинител, началник на кривичниот оддел и началник на одделот за организиран криминал. Пред да стане јавен обвинител во 1987 година, Питер работел како правен соработник во округот Конектикат, за американскиот окружен судија Алан Х. Невас. Питер дипломирал на сегашниот Правен факултет на Универзитетот Квинипијак, каде бил и член на Судската ревија, а поседува диплома и од колеџот Тринити, во Хартфорд, Конектикат.

## На Косово осуден уште еден СТБ вратен во земјата во месец мај 2022 година

На 1 февруари 2023 година, судечкиот совет на Специјалното одделение на Основниот суд во Приштина донесе осудителна пресуда против обвинетиот Илбер Бела, обвинет за организирање и учество во терористичка организација. Обвинетиот е осуден на пет години затвор, почнувајќи од денот на неговото враќање во Косово.

Бела (40) бил вратен во земјата во месец мај минатата година, како дел од заедничката акција за репатријација спроведена од Албанија и Косово. За време на првичното појавување пред судот, тој ги признал делата кои биле наведени во обвинението. Бела потврдил дека отпатувал во Сирија во 2013 година, за да им се приклучи на терористичките организации Џабхат ал Нусра и ИСИС.

Во својата пресуда, судот како отежнувачки околности ги зел предвид високиот степен на неговата вмешаност во терористичките активности на ИСИС, неговата подготвеност и намера да се приклучи кон таквите активности, високиот ризик што тој го предизвикал за општеството со сторените дела, при што, сето тоа било поврзано со неговата намера да предизвика чувство на несигурност и страв преку учество во терористички активности насочени против животите на луѓето, човековите слободи и меѓународниот правен поредок. Од друга страна, при одмерувањето на казната, како олеснителни околности, судот го зел предвид фактот што тој го признал делото, младата возраст на обвинетиот, подготвеноста да соработува со судот и неговото каење.

Дополнително, судот не го прифати барањето на обвинетиот, во вкупната казна да му биде засметано и времето што претходно го минал како затвореник на Сириските демократски сили.

**Извор:** Специјално јавно обвинителство на Косово

## Во Данска осудена жена од БиХ поради давање помош на ИСИС во Сирија

На 28 февруари, данскиот окружен суд донесе осудителна пресуда против Елмина Аљиќ, двојна државјанка на БиХ и Данска, изрекувајќи и затворска казна од четири години, поради пружање поддршка на Исламската држава. Судот, исто така, на Аљиќ и го одзеде данското државјанство, што најверојатно значи, дека по отслужувањето на затворската казна, таа ќе биде депортирана во Босна и Херцеговина.

Аљиќ отпатувала во Сирија со нејзиното семејство во 2015 година. За време на престојот во Сирија, таа работела како домаќинка и на тој начин давала поддршка на терористичката организација. Во 2021 година, таа била вратена од еден од сириските кампови, заедно со нејзините осум деца.

Таа има право да ја обжали судската пресуда и изречената казна, како и решението за одземање на државјанството.

**Извори:** Босанка од Данска осудена на четири години затвор поради помагање на Исламската држава во Сирија
Босанка од Данска депортирана поради нејзината улога на домаќинка во калифатот на Исламската држава

# Извештаи на Извршниот директорат на Комисијата за борба против тероризмот на ОН (CTED): Оценка на слабостите во примената на одредбите за борба против финансирање тероризам од резолуциите на Советот за безбедност

Во 2021 и 2022 година, Извршниот директорат на Комисијата за борба против тероризмот на Советот за безбедност на Обединетите нации (CTED), спроведе тематска проценка на недостатоците во имплементацијата на клучните одредби за финансирање на тероризмот од релевантните резолуции на Советот за безбедност и објави два извештаи, во кои се говори за неговите наоди. Проценката се заснова врз информации, собрани за време на посетите на 13 земји-членки, со цел, да се идентификуваат приоритетните области во кои државите би имале корист од дополнителни напори за градење капацитети, таргетирана техничка помош и специјализирана експертиза.

Според извештаите, еден од идентификуваните недостатоци се однесува на недоволното разбирање на ризиците поврзани со финансирањето на тероризмот. Во овој поглед, извештаите посочуваат дека некои земји-членки, сè уште немаат направено проценка на националните ризици од финансирање тероризам или дека нивните национални проценки на ризик (НПР), не се доволно сеопфатни. Извештаите понатаму забележуваат дека некои НПР не се поддржани со веродостојни статистички податоци и дека државите не ги ажурираат своите НПР на редовна основа. Препораките за справување со идентификуваните недостатоци, вклучуваат, меѓу другото, обезбедување поддршка за спроведување регионални проценки на ризик од финансирање тероризам и користење пристап заснован врз повеќебројни засегнати страни, при анализирањето на постојните и еволуирачките ризици од финансирање тероризам.

Во извештаите се идентификувани одредени слабости на законите, кои го криминализираат финансирањето на тероризмот. Меѓу недостатоците во оваа област е и фактот што финансирањето на странски терористички патувања, не е експлицитно инкриминирано како такво, дефиницијата за „средства“ е премногу ограничена, барањето дека финансирањето на индивидуални терористи мора да биде поврзано со конкретен терористички акт, диспропорционалноста на санкциите итн. Во секој случај, овие законски празнини „се адресираат постепено и во моментов се првенствено од техничка природа, барајќи ограничени прилагодувања на законодавството или минимални појаснувања во судската пракса“.

Во извештаите на CTED дополнително се појаснува, дека „водењето истраги и кривичното гонење на финансирањето тероризам, останува предизвик на многу различни нивоа, од потребната техничка експертиза, до меѓународната и меѓу-агенциската соработка. Во овој поглед, извештаите нагласуваат дека општо гледано, севкупниот број на успешни кривични постапки е низок. Спроведувањето паралелни финансиски истраги во случаите на тероризам не е задолжително и многу од државите избираат да не ги истражуваат и гонат овие обвиненија, особено кога не постои некаква очигледна врска со конкретен терористички акт. Генерално, државите не спроведуваат финансиски истраги за странски терористички борци. Во извештаите дополнително се посочува дека единиците за финансиско разузнавање (ЕФР) не се вклучени во постојните меѓуагенциски платформи, кои се користат за размена на информации за терористички закани и истраги и дека во меѓуагенциската соработка постојат недостатоци. Како резултат на тоа, „многу е мал бројот на извештаите поврзани со финансирање тероризам, кои ЕФР ги доставуваат до релевантните органи за спроведување на законот и кои предизвикуваат понатамошни активности, вклучувајќи и поведување кривични истраги“. Извештаите говорат и за уште еден предизвик, а тоа е недостатокот на заштитни мерки, кои би овозможиле ефективно претворање на финансиските разузнавачки податоци во докази, кои понатаму би можеле да се користат за добивање на осудителни пресуди за финансирање тероризам. Конечно, ЕФР и другите релевантни органи генерално ги немаат техничките капацитети и експертиза, кои се неопходни за откривање, попречување и истражување на случаите на финансирање тероризам. За да се одговори на овие предизвици, извештаите препорачуваат обезбедување обука за водење истраги и гонење за финансирање тероризам за органите на прогонот, обвинителите и судиите; зајакнување на капацитетите на сите релевантни субјекти, вклучени во борбата против финансирањето на тероризмот; олеснување на размената на искуства со другите земји-членки, за целите на унапредување на меѓуагенциската соработка во борбата против финансирањето тероризам; и обезбедување софтвери и други релевантни алатки за анализа на финансиските трансакции.

Во однос на механизмот за замрзнување на имот и средства, извештаите забележуваат дека законодавната рамка за спроведување на мерките за замрзнување на имот и средства согласно резолуцијата 1373 (2001), во некои држави или не постои или пак недоволно се користи и е недоволно операционализирана. Во други држави, со проценката биле откриени недостатоци во спроведувањето на мерките за замрзнување на ефективен начин и без одлагање; менување на националните списоци за замрзнување и бришење имоти и средства од листите; и формулирање и споделување информации во однос на изготвените списоци. Замрзнувањето виртуелни средства е исто така проблематична област, бидејќи на државите генерално им недостасуваат практични знаења и искуства, кои се потребни за спроведување на таквите мерки. Во извештаите, на државите им се препорачува да развијат прирачници за спроведување мерки за замрзнување, а исто така, меѓусебно да разменуваат и искуства и најдобри практики.

Во извештаите се идентификувани неколку слабости во спречувањето на терористичката злоупотреба на услугите за брз трансфер на пари, неформалните финансиски мрежи и куририте за пренос на пари во готово. Забележано е дека некои држави не вршат проценки на ризик во однос на новите методи на плаќање и финансиски инструменти и дека немаат оперативни капацитети, за ефективно откривање и спречување на употребата на системите слични на Хавала, за целите на финансирање тероризам. Другите проблеми вклучуваат слабости во следењето на законската усогласеност на мобилните операторите со пари, несоодветни гранични и царински контролни мерки и недоволна билатерална и меѓународна соработка. Во однос на второто, извештаите нагласуваат дека „на државите им недостига прекугранична соработка и координација, за да ги попречат и уништат мрежите, во рамки на кои функционираат куририте за пренос на готовина, како и незаконската трговија преку границите, со која се

финансира тероризмот“ и дека државите треба да ја подобрат меѓусебната размена на информации со странските колеги, со оглед на прекуграничната природа на повеќето неформални трансфери на пари.

Извештаите на CTED дополнително предупредуваат на постоење недостатоци во справувањето со ризиците од финансирање тероризам, поврзани со виртуелните средства и платформите за групно финансирање. Меѓу другото, се говори за несоодветни регулаторни рамки за виртуелни средства, неуспешноста, примената на регулативата за борба против перење пари и финансирање тероризам да се примени и врз платформите за групно финансирање, несоодветни насоки за субјектите кои имаат обврска да поднесуваат извештаи и недостаток на искуство/капацитет за водење истраги против терористи со употреба на виртуелни средства. Препорачаната помош вклучува обезбедување поддршка, при изготвување и донесување регулаторна рамка за борба против перење пари и финансирање тероризам, во однос на виртуелните средства и олеснување на размената на искуства и најдобри практики во овој поглед, како и обезбедување програми за обука и алатки за истражување случаи на финансирање тероризам, кои вклучуваат криптовалути и други нови технологии за вршење на плаќања.

Дополнителните идентификувани слабости го вклучуваат неуспехот да се спроведе проценка на ризик од злоупотреба на секторот на непрофитни организации (НПО), за целите на финансирање тероризам и неуспехот да се воспостават механизми за таргетирано следење или надзор врз основа на ризик на НПО секторот. Во некои држави, исто така, откриени се и слабости во регулаторната рамка за НПО и кај мерките за обезбедување транспарентност на донациите.

Конечно, извештаите посочуваат и на постоење дупки во анализата и откривањето на врските помеѓу организираниот криминал и финансирањето на тероризмот. Во овој поглед, се забележува дека повеќето држави немаат законски рамки, практики или ресурси, за проактивно да ги истражат овие врски и да утврдат дали приходите од релевантните случаи на организиран криминал, биле наменети или користени за финансирање тероризам. За решавање на идентификуваните слабости, извештаите препорачуваат обезбедување обука и други форми на помош, „за подобрување на капацитетите на надлежните владини органи, за откривање и спречување на врските помеѓу тероризмот, неговото финансирање и организираниот криминал“.

**Извор:** [Тематско резиме на CTED на оценките на слабостите во примената на клучните одредби за борба против финансирањето тероризам во резолуциите на Советот за безбедност]